# ОСВРТИ

Гл. ТОДОРОВСКИ

## НЕКОЛКУ РЕМИНИСЦЕНЦИИ ЗА ОДРЖАНИТЕ НАУЧНИ СОБИРИ ВО ГОСТИВАР, ПРИЛЕП И ТЕТОВО

Оваа година беше, ретко како друга, исполнета со научни собири. Желбите на поедини здруженија, градови, институции и сл. се појавува, едноставно речено, како морска плима. Не е мал бројот на личности кои доаѓаа во својство на делегати во Институтот за национална историја барајќи од оваа институција, која се занимава со изучување на историското минато на македонскиот народ и на народностите во СРМ, да ја поткрепи нивната желба и настојување за одржување на симпозиум, научен собир и сл. Во тој сплет од желби, оправдани и неоправдани, не е лесно да се прифати таква иницијатива, бидејќи е условено и со одредена обврска. Меѓутоа, треба да речеме дека е уште потешко и да се одбие една таква иницијатива. Имајќи ја предвид полезноста од таквите собири. Нивното морално, политичко и воспитно значење, а покрај тоа и за натамошниот развиток на историската наука кај нас, самоуправните структури во Институтот често се наоѓаа пред дилема во конечното прифаќање на вакви иницијативи.

Во оваа година посебно треба да истакнеме дека имаше вакви иницијативи од регионален карактер. Не можеме, а да не ги поздравиме таквите настојувања за изучување на поедини региони во сите домени од општествено-политичкиот, социјално-економскиот и културно-просветниот развиток како и за расветлување на животниот пат на поедини истакнати личности од нашето минато, коишто имале крупен домет не само за еден одреден предел, регион, град туку биле и од пошироко општомакедонско значење. Такви беа одржаните научни собири во Гостивар, Прилеп и Тетово.

Треба да се истакне дека ваквите иницијативи и собири имаат несомнено повеќекратно значење. На лице е потребата на поедини наши градови од внатрешноста да ја разбијат извесната монотонија во културната сфера, која поради ова или она е присутна. Се чувствува желба на повеќе општествено-политички и стручно-образовни институции во внатрешноста да се внесе нешто ново во

поедини моменти од општествениот развиток во минатото и тоа гледано од аспектот на современата научна мисла, од луѓето кои работат на полето на историската наука или во другите научни области од општествените науки. Во оваа смисла регистрираме апсолутна желба со примерна настојчивост и упорност. Во оваа смисла би можеле да спомeнеме повеќе наши градови: Крушево, Битола, Прилеп, Т. Велес, Охрид, Штип, Тетово, Гостивар и др.

Поздравувајќи ги и поткрепувајќи ги овие благородни иницијативи сметам дека треба да се покаже максимум разумност во определувањето на научните кадри за настап на сите собири, симпозиуми и сл. При ова треба да се истакне дека постои нескриена опасност од оддалечување на фундаменталната научна работа, од она што ја сочинува содржината на секој научен работник без оглед која научна дисциплина од областа на општествените науки е негова преокупација. При тоа посебно мислиме на научните работници од областа на историската наука. Треба да се изнајде најдобар пат меѓу потребите и можностите, меѓу придонесот и последиците од една појава која зема сè поширок замав и ширина.

Интересна е желбата на организаторите на вакви собири, симпозиуми и сл. да им даваат епитети „научни собири“, „научни симпозиуми“. Ова е речиси, појава од општ карактер, за нас малку чудна и неразбирлива. Дали е апсолутно потребно ваквите научни собири и симпозиуми да го носат епитетот научен, давајќи му на тој начин претходна одреденост? Сигурно дека не! Дали ваквите собири би изгубиле во својата општа карактеристика на работа, ако тој атрибут го немаат претходно? Би одговориле негативно. Но, од друга страна, е повеќе од сигурно дека би изгубиле сите научни собири ако бучно се најавуваат од сите медиуми на информирање, а по својата суштност тие не се такви. Нека организираноста на ваквите собири, издржаноста на излагањата, нивото на дискусиите и др. покажат дека тие со право треба да бидат оценети како настани кои дале свој соодветен прилог во развитокот на научната мисла. Бројот на присутните, нивната заангажираност и учество, исто така, можат да придонесат во една или друга карактеристика на собирот.

Во оваа година имавме можност да присуствуваме на три вакви собири кои се одржаа во Гостивар, Прилеп и во Тетово и затоа си позволуваме, субјективно гледано, да истакнеме уште неколку карактеристични особености на овие одржани собири. Ако овие собири станат традиционални, како што се истакнуваше во јавното искажување на организаторите, и ако и натаму постојат желби за научност, нужно се наметнува потребата за селектирање на пријавените соопштенија, прилози и реферати. Организаторите во своите настојувања за одржување таков собир страхуваат да одбијат пријавен реферат. Мораме да истакнеме дека запаѓаме во една чудна состојба во таа смисла. Треба да се сфати дека со ништо не се придонесува ако се настапи со објавен прилог или ако е не-

адекватен за собирот по својата тематика и сл. На научните собири во Гостивар, повеќе, а во Прилеп и Тетово помалку, имаше такви прилози. Но, сепак, би рекле дека покрај ваквите имаше и сосем сериозни научни прилози, издржани соопштенија и во Гостивар, и во Прилеп и во Тетово што претставуваа придонес во науката. Оттука пред организаторите на ваквите собири се поставува потребата од навремено пријавување, добивање, прочитување, умножување и распраќање на пријавените соопштенија од организаторот до заинтересираните како нужен услов за успехот на замислената манифестација. Таквиот однос сигурно дека ќе го задоволи пројавеното настојување за научност на собирите. Неоспорно е дека ваквиот начин на работа ќе предизвика поголеми материјални издатоци. Меѓутоа, ако биде намален бројот на повиканите, не би требало да има поголеми издатоци. Сигурно дека ваквата практика на работа ќе повлијае за намалување на другите издатоци.

Не би се согласиле и со едно мислење што по овие поводи беше искажано дека на ваквите собири се расветлуваат поедини настани, спорни и дискутабилни прашања и сл. Од содржината на изнесените соопштенија на споменативе собири не би одговориле сосем позитивно. Меѓутоа, очигледен е фактот, а тоа е и најуспешното на овие собири, дека тие поттикнуваат на разработка на поедини проблеми, периоди и тематски подрачја од нашето минато. И натаму, осврнувајќи се на бројот на пријавените реферати само на овие три споменати собири, 36 прилози на научниот собир во Гостивар, 9 прилози изнесени за животот и делото на Ѓорче Петров во Прилеп и 18 по повод 200-годишнината од раѓањето на Кирил Пејчиновиќ во Тетово зборува за еден импресивен број на пријавени и прочитани соопштенија. Тоа потврдува за релативно голем број работници од оваа област, за еден несомнен растеж во Социјалистичка Република Македонија на научни кадри. Притоа, паѓа в очи дека доминантниот број на референти беа релативно млади луѓе, што треба посебно да се истакне, за настапување на млади научни кадри, за една иднина во општествените науки и за една политика во тој правец. Тоа е навистина факт што предизвикува восхит кај секој наш човек кој поодблизу или од подалеку го следи тој процес.

Научниот собир што се одржа во Гостивар на 22 и 23 октомври 1971 година беше еден од првите регионални собири во Републикава. Големиот број на прочитаните соопштенија во коишто доминираа прилози за мијачијата, носеше една своја посебна карактеристика по тематската неодреденост. Овде имаше од сè и за секого. Многу малку или сосем малку имаше излагања за минатото на Гостиварско, Тетовско и Кичевско. Очевиден беше и многу малиот настап на референти за историјата на народностите на овој собир. Предимно беше разгледувано минатото на Македонците во ова подрачје. Тројца или четворица референти не го изменија впечатокот во оваа смисла. На овој собир, сметам дека беше

направен и еден друг превид. Фактот што оваа година е јубилејна по повод 30-годишнината од Востанието требаше да биде подготвен посебен прилог во тој однос со посебно место, како уводен, бидејќи и тематиката на собирот беше до сегашниве дни. Излагањето на Музафер Туфаи за културната комуникација меѓу Македонците, Албанците и Турците — билингвизмот, трилингвизмот во фолклорот и со едно дополнение за народно-ослободителната борба на ова подрачје, ќе беше сосем наместо за уводен реферат. Меѓутоа, беше испуштен еден актуелен момент на овој научен собир.

Многу скромно, без многу бучност, во организација на Друштвото за наука и уметност од Прилеп, на 2 ноември оваа година, беше одржан симпозиум за животот и делото на Ѓорче Петров, идеолог на македонското револуционерно движење. Основна карактеристика на овој симпозиум беше неговата тематска определеност и насоченост што, според нас, претставува позитивна насока. Прочитаните девет соопштенија беа прилог во изучувањето на животниот пат на овој наш револуционер. За историчарите, кои од Скопје зедоа учество на симпозиумот, на 3 ноември беше организирана и посебна програма која се состоеше од посета на неколку прилепски работни колективи и во придружба на членови на Друштвото за наука и уметност од Прилеп. По овој повод не можеме, а да не ја истакнеме нашата благодарност за гостопримството што нѝ беше укажано.

И научниот собир по повод 200-годишнината од раѓањето на Кирил Пејчиновиќ и неговото време беше тематски одреден. Собирот се одржа во Тетово на 24 и 25 ноември о.г. Би рекле дека ретко за кој наш преродбеник се изнесени толку многу соопштенија. Беше дадена прилично целосна слика за оваа личност, но не и за неговото време, како што беше желбата на организаторот. Овде се покажа дека првата половина на XIX век од областа на историската наука е една од досега најнеобработените. Меѓутоа, и на овој домен веќе се преземени чекори и наскоро треба да се очекуваат резултати. Во Институтот за национална историја во Скопје, веќе две лица работат на изучувањето на овој период.

И на крајот изнесувајќи ги овие наши гледања за трите одржани собири и настојувајќи да ги истакнеме позитивните и негативните страни, сакаме посебно да го акцентираме трудот на организаторите околу подготовките на овие собири, што навистина заслужува посебно внимание и честитки. И на крајот да искажеме верба дека сите излагања, прилози, соопштенија и дискусии ќе бидат објавени во посебни публикации. Тоа ќе биде и трајна вредност на одржаните научни собири.